**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС"**
**објавува**
**Повик за новинарски тим од студенти Роми**
**за изработка на содржини во Рома Индекс Активизам**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" во рамки на проектот: **„Ромаверзитас - со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности"**, објавува повик за новинарски тим од студенти Роми за изработка на содржини во рамки на Рома Индекс Активизам, односно Рома Индекс број 13, 14, 15. Проектот е целосно поддржан од страна на Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ), од Будимпешта.

## Опис за Рома Индекс активизам

Рома Индекс Активизам преставува можност за студентите Роми од различни студиски програми, алумните на РОМАВЕРЗИТАС и експерти Роми од различни области да го изразат нивното критичко размислување, нивните ставови, анализи, полемики, информации и слично, во однос на различни актуелни прашања и теми кои ќе ги поткнат читателите и гледачите да размислуваат, да се информираат, едуцираат, мотивираат и делуваат. Временската рамка за подготовка и испорачување на предвидените содржини е февруари-мај 2019 година.

**„Рома Индекс" содржи:**
- Тековни новости;
- Топ тема;
- Интервјуа со успешни Роми;
- Содржини за ромскиот идентитет;
- Ромаверзитас Алумни;
- Анализа;
- Дополнителни рубрики.

## Работни задачи на новинарскиот тим и надоместок

Новинарскиот тим ќе биде составен од четири студенти кои ќе имаат задача да ја уредат содржината на Рома Индекс заедно со стручен уредник.

Селектираните лица во новинарскиот тим ќе треба:
- да учествуваат на состаноци со новинарскиот тим;
- да подготват одредени текстови и видео содржини;
- да достават одредени текстови, фотографии и видеа;
- да соработуваат со уредникот и уредничкиот колегиум.

Селектираните лица ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. Лицата во новинарскиот тим, по исполнување на нивните работните задачи во определената временската рамка ќе добијат одреден авторски надоместок.

**Услови за аплицирање**

Кандидатите за новинарски тим треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се редовни студенти или дипломирани Роми, запишани на студиските програми на државните или приватните универзитети во Република Македонија во академската 2018/19;
- да напишат текст од минимум 800 зборови, за одредена тема поврзана со Ромите во Република Македонија во најмалку две страни во А4 формат, проред 1.5, големина на букви 11, фонт Calibri.

**Документи за аплицирање**

Кандидатите за новинарски тим треба да ги достават следните документи:

- кратка биографија во Europass;
  - линк до пример од Europass кратка биографија: https://europass.cedefop.europa.eu/sites/default/files/europass_cv_instructions_mk.pdf
  - линк до празен примерок од Europass кратка биографија: https://europass.cedefop.europa.eu/sites/default/files/ecv_template_mk.doc
- пишан текст од минимум 800 зборови, на одредена тема поврзана со Ромите во Република Македонија во најмалку две страни во А4 формат, проред 1.5, големина на букви 11, фонт Calibri.

**Начин и краен рок за аплицирање**

- да испратат кратка биографија во Europass формат и пишан текст кој ги запазува сите горенаведени прописи, на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk**, со наслов на маил ***„за Рома Индекс Активизам 13,14,15“*** најдоцна до **14 февруари (четврток) 2019**.

**Критериуми при процес на селекција на кандидати се:**

- исполнување на условите за аплицирање;
- квалитетот на кратката биографија и пишаниот текст на одредена тема поврзана со Ромите во Република Македонија;
- искуство во пишување на новинарски и академски текстови;
- поседување на вештини за снимање и обработка на видео;
- познавања поврзани со ромскиот идентитет и култура.

**Напомена**

Во процесот на селекција ќе се даде предност на кандидатите во последните две години на студирање и на студентите на новинарство.

Дополнителни информации за повикот можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/443773, секој работен ден од 10.00 до 18.00 часот или електронски на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk.**